Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/20 и 95/20) по членот 2-в, се додава нов член 2-г кој гласи:

„Член 2-г

Одредбите од членовите 2-а, 2-б и 2-в од оваа уредба со законска сила ќе се применуваат за време на траење на вонредната состојба и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31 декември 2020 година."

**Член 2**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.44-6197/1**
**22 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**